ОКТА Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 0202-3057/23-10
28.12.2023 год
Скопје 1

Во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 192/2016, 192/2013 /2016, 64/2018 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/2020, 215/2021 и 99/2022) и одредбите од Статутот на ОКТА АД Скопје (во натамошниот текст „ОКТА АД “), Одборот на директори на ОКТА АД (во натамошниот текст „Одборот на директори“ или „Одборот“) ја донесува следната:

# ПОЛИТИКА ЗА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## I. Усогласеност со закон

Обврската за усогласување со законите (под закони се подразбираат сите закони на Република Северна Македонија, или закони или подзаконски акти, како што се одлуки, правилници, уредби итн.) е должност и примарна обврска на сите физички и правни лица - и сите друштва управувани од нив, вклучително и ОКТА АД.

Извршните директори и вработените во ОКТА АД мора да побараат совет од корпоративниот секретар или кое било друго лице или лица кои ги извршуваат должностите на корпоративниот секретар во случај да имаат некакво сомнение или имаат потреба од појаснување во врска со легитимноста на нивните дејствија при извршувањето на нивните должности.

## II. Конкуренција

ОКТА АД ги почитува правилата за фер конкуренција усвоени со важечката легислатива во Република Северна Македонија, особено Законот за заштита на конкуренцијата, и препознава дека последиците во случај на повреда на овие одредби може да бидат многу тешки за ОКТА АД. Затоа, строгото почитување и спроведување на релевантните законски правила со кои се регулира конкуренцијата е императив за ОКТА АД.

Понатаму, членовите на Одборот не смеат да бидат во конкуренција со Друштвото, ниту да ги искористуваат деловните можности што му припаѓаат на Друштвото за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивното семејство.

## III. Корупција – Злоупотреба на фидуцијарна должност – Поткуп

На членовите на Одборот на директори, извршните директори и вработените во ОКТА АД им е забрането да нудат пари или какви било други вредни поволности на јавен службеник или вработен во приватна компанија, ниту како поттик, ниту како награда, за да добијат поволна одлука, било за интересите на ОКТА АД или на трети лица.

Забрането е членовите на Одборот на директори, извршните директори, персоналот и секој кој дава услуги на ОКТА АД, како и на нивните сопружници или членови на семејството до втор наследен ред да примаат какви било подароци или бенефиции од конкуренти, добавувачи, клиенти или соработници на ОКТА АД, како и од лица кои учествуваат во постапки за набавка или доделување проекти од страна на ОКТА, освен ако не станува збор за подарок од мала вредност (до 100 ЕУР), во согласност со вообичаените деловни практики и како социјална учтивост.

Во ниту еден случај, парите не смеат да бидат понудени како подарок, без разлика на износот. Не само што повредите ќе се сметаат за дисциплински престап во согласност со внатрешните акти на ОКТА АД, туку повредите на горенаведените одредби можат да резултираат со граѓански и/или кривични санкции.

Членовите на Одборот не смеат да обезбедуваат неоправдани бенефиции на трети лица на штета на Друштвото, ниту да прибавуваат други форми на личен приход од работењето на Друштвото, освен надоместокот што го добиваат како членови на Одборот и приходите што произлегуваат од какви било акции.

## IV. Перење на пари

ОКТА АД, како правно лице согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, има обврска да обезбеди и чува документи за нивниот/те вистински сопственик/ци и да ги внесе и ажурира податоците за нивниот/те вистински сопственик/ци во регистарот за вистински сопственици што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## V. Внатрешно тргување

Внатрешно тргување е забрането во Република Северна Македонија и може да резултира со прекршочна постапка и парични казни. Ниту еден акционер, член на Одборот на директори, вработени или надворешни соработници кои при извршување на професионалните должности, имаат пристап до внатрешни информации (како што е дефинирано во Законот за хартии од вредност), нема да смеат да купуваат или продаваат хартии од вредност врз основа на таквите внатрешни информации или на друг начин да остваруваат материјална добивка врз основа на внатрешните информации.

## VI. Судир на интереси

Судир на интереси помеѓу член на Одборот на директори и ОКТА АД постои кога нивното објективно одлучување и извршување на нивните должности може да е загрозено од нивните лични економски интереси. За ОКТА АД е важно да има стабилни и транспарентени процеси на отстранување или управување со тие судири, со цел акционерите да се уверат дека нивните интереси и интересите на ОКТА АД се заштитени.

Секоја деловна зделка (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) („**зделка**“) во која заинтересираната страна е член на Одборот на директори, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на ОКТА АД кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас во ОКТА АД или лице кое има овластување да дава инструкции на ОКТА АД. Се смета дека некое лице е заинтересирана страна и има интерес за извршување на зделката, доколку тоа лице, неговиот застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив (во натамошниот текст: „**заинтересирана страна**“):

i) Е страна на таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка, или
ii) поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка, или
iii) е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице, кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таква зделка, или е раководно лице на тоа правно лице, или
iv) доколку е определено во статутот на ОКТА АД.

Секој член на Одборот на директори кој има интерес во извршување на зделка е должен веднаш за тоа да го извести Одборот на директори. Доколку член на Одборот на директори има сознание дека друг член на Одборот на директори може да има интерес (дури и на индиректен начин) во извршување на зделка, веднаш треба да го извести Одборот на директори. Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со зделката, ниту во процесот на носење одлука со која се одобрува зделка со заинтересирана страна во согласност со Законот за трговските друштва. За секоја зделка на ОКТА АД, во која друштвото е страна, а во која интерес има член на Одборот на директори, дури и на индиректен начин, ќе треба да се постапи во согласност со постапката утврдена во Законот за трговските друштва и во оваа Политика. Понатаму, членовите на Одборот на директори не смеат: (i) да бидат во конкуренција со ОКТА АД; (ii) да бараат, прифаќаат или да одобруваат подароци со материјална вредност или донации од ОКТА АД за себе или за членовите на нивните семејства; (iii) да им овозможат на трети лица да стекнат корист на штета на ОКТА АД; (iv) да ги искористуваат деловните можности кои припаѓаат на ОКТА АД за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивното семејство; (v) да остваруваат други форми на личен доход од работењето на ОКТА АД, освен наградата што ја добиваат како членови на Одборот на директори и приходите што произлегуваат од какви било акции.

Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување од страна на Одборот на директори или Собранието на акционери на ОКТА АД („**Собранието на акционери**"), имајќи ги предвид критериумите наведени подолу кои одредуваат кое раководно тело на ОКТА АД е надлежно за одобрување на зделката со заинтересирана страна. Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна се донесува со мнозинство гласови на членовите на Одборот на директори кои немаат интерес од зделката. Ако сите членови на Одборот на директори се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на Одборот на директори кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум на седница на Одборот на директори утврден во статутот на ОКТА АД, таквата зделка ќе биде одобрена од Собранието на акционери. Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас и тоа, ако:

i) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на ОКТА АД, според последните ревидирани финансиски извештаи на ОКТА АД или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;
ii) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на ОКТА АД, преостанати во тој период и обичните акции во кои може да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или
iii) поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на ОКТА АД и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции

Потврдениот судир на интереси на членовите на Одборот на директори и на трета страна на која се доделени одговорности од нив, се презентираат на наредното годишно Собрание на акционери на ОКТА АД и се објавуваат во годишниот извештај кој го подготвува Одборот на директори,во кој треба да се прикажат следните податоци: (i) податоци за висината на износот на трансакциите кои се извршени врз основа на зделка со заинтересирана страна, (ii) име, презиме и адреса на заинтересираната страна, доколку се работи за физичко лице, или име и седиште доколку заинтересираната страна е правно лице, (iii) средствата на ОКТА АД чијашто вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните стандарди за финансиско известување.

Датум: 28.12.2023 година

**За и во име на Одборот на директори:**

_______________________________

Претседател на Одборот на директори

Рафинерија на нафта
ОКТА
Скопје
0
Акционерско друштво